**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ОНКОЛОГИЈА СО РАДИОТЕРАПИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р ЈИХЕ ЗХУ И БЛАГИЦА АРСОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-44/47 од 196. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 22.1.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Стојан Радиќ, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет во Ниш, Република Србија;
- проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОНКОЛОГИЈА СО РАДИОТЕРАПИЈА**” од **проф. д-р Јихе Зху и Благица Арсовска,** наменет за студентите на студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** ракописот со наслов **„ОНКОЛОГИЈА СО РАДИОТЕРАПИЈА”** од проф. д-р Јихе Зху и Благица Арсовска е наменет за студентите од студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, прв циклус студии. Ракописот е во согласност со планот и програмата на предметот Онкологија со радиотерапија, кој се слуша во IV година (VII семестар), со неделен фонд од 2+0+1 часови и 2 кредити, како задолжителен предмет на студиската програма Општа медицина.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот**

Содржината на ракописот е претставена во текст од вкупно 368 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Ariel и со големина на буквите 12. Материјалот е подготвен во 12 методски единици, распоредени во согласност со Наставната програма на истоимениот предмет.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

**Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори.**

Авторите на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил на ракописот, сублимирано ја претставуваат материјата која се изучува во овој предмет кој припаѓа на онкологијата. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со коешто се потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е пишуван на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата материја се конципирани во 12 тематски делови и литература. Илустриран е со 63 слики.

Во воведот авторите ја опишуваат онкологијата како гранка на медицината, чиј предмет на занимање е секој стадиум на малигно заболување, како и нејзината цел да ги открие причините и начините на настанување на малигните заболувања, нивна превенција и терапија.

Во првата тематска единица ***Биологија на туморите и генетичка основа на канцерогенезата, онкогени вируси*** авторите ги опишуваат биолошките карактеристики на канцерогена клетка, како и теориите за причини за развој и настанување на канцерот и генетичката основа на канцерогенезата.

Во втората тематска единица со наслов ***Канцерогена трансформација на клетката, туморски антигени, имунолошки надзор и антитуморската имуност*** детално е опишана канцерогена трансформација на клетката, имунолошки надзор и антитуморска имуност, туморски антигени.

Следната тематска единица е со наслов ***Прогресија на туморот, инвазивност, метастазирање, градирање и стадиуми на туморот (TNM класификација)*** во која е опишана поделбата, TNM класификацијата и растењето и ширењето на туморите.

Во четвртата тематска единица ***Терапија во онкологијата*** се опишува како се врши поставување дијагноза, детално се опишани начините на лекување, хируршкото лекување и комбинација на радиотерапија со хирургија.

Во петтата тематска единица ***Основи на хемотерапијата и имунотерапијата*** на краток и концизен начин се објаснуваат основите на хемотерапијата и имунотерапијата како терапевтски методи за лекување на онколошки забоувања.

Шестата тематска единица ***Основни елементи и видови на радиотерапијата*** се опишани ортоволтажни и високоволтажни апарати за лекување, како и брахитерапија.

Седмата тематска единица ***Малигни тумори на ГИТ*** каде што се опишани малигни тумори на езофагус, желудник, дебело црево, ректум, панкреас и црн дроб.

Во осмата тематска единица ***Малигни тумори на ЦНС*** се опишува лекувањето на тумори на Централниот нервен систем односно на медулобластома и астроцитома, додека пак во деветтата тематска единица ***Кожни карциноми*** се опишани кожните тумори и како посебна точка е опишан малигниот меланом.

Во десеттата тематска единица ***Малигни тумори на коскено-меки ткива*** авторите ги опишуваат малигните тумори на меките ткива и на скелетот.

Во последната единаесетта тематска единица ***Малигни тумори на ГУТ и дојка*** се опишани следниве тумори: малигни тумори на дојка, бубрег, бубрежна карлица, уретер, тестиси, пенис, простата, оваријален карцином (тумор), ендометријален карцином и карцином на грло на матка.

Литературата содржи 28 референци, од кои 15 се на кирилица и 13 на латиница. Ова зборува за систематичен приод кон оваа проблематика и за способноста на авторите за комплетно претставување на тематиката.

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот „ОНКОЛОГИЈА СО РАДИОТЕРАПИЈА” од проф. д-р Јихе Зху и Благица Арсовска ги опфаќа сите содржини од теоретски аспект, според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет за студентите на прв циклус на студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со издавање на овој ракопис студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за теоретска настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип, ракописот „ОНКОЛОГИЈА СО РАДИОТЕРАПИЈА“ од проф. д-р Јихе Зху и Благица Арсовска да биде издаден како учебник за студентите на студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Стојан Радиќ, редовен професор, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Шуманов, редовен професор, с.р.**